Здружение на новинарите на Македонија

Документ за јавна политика

# *„Забелешки за работата на судството и медиумите според домашни и странски организации од политиката и граѓанството“*

*Септември 2014 година, Скопје*

*Овој документ за јавна политика е изготвен во рамките на проектот "Развој на медиумски политики низ инклузивен процес" имплементиран од страна на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и поддржан од Британската амбасада во Скопје. Содржината на овој документ не значи дека ја рефлектира позицијата или мислењата на Британската амбасада во Скопје.*

# СОДРЖИНА:


Методологија....................................................................................................................... 4

Вовед ..................................................................................................................................... 4

Забелешки од интернационални политички организации: ................................................... 5

ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2013 ...................................................... 5

Извештај на Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување за неговата мисија во Македонија (18-21 јуни 2013) ................................. 7

**Конечен извештај на Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР за ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 13 и 27 април 2014** ................................................ 11

Извештај на Стејт департмент за почитување на човекови права за 2013 година ......................... 13

Забелешки од меѓународни граѓански организации:............................................................ 14

РЕПОРТЕРИ БЕЗ ГРАНИЦИ.................................................................................................. 15

PRESS FREEDOM INDEX 2014 ............................................................................................... 15

PRESS FREEDOM INDEX 2013 ............................................................................................... 16

PRESS FREEDOM INDEX 2011-2012 ...................................................................................... 16

PRESS FREEDOM INDEX 2010 ............................................................................................... 16

FREEDOM HOUSE.................................................................................................................. 17

FREEDOM OF THE PRESS 2013................................................................................................ 17

FREEDOM OF THE PRESS 2012................................................................................................ 17

FREEDOM OF THE PRESS 2011................................................................................................ 17

FREEDOM OF THE PRESS 2010................................................................................................ 17

NATIONS IN TRANSIT 2014 ..................................................................................................... 18

NATIONS IN TRANSIT 2013 ..................................................................................................... 18

NATIONS IN TRANSIT 2011 ..................................................................................................... 18

IREXMEDIA SUSTAINABILITY INDEX 2014 .................................................................................. 18

MEDIA SUSTAINABILITY INDEX 2013 ........................................................................................ 19

MEDIA SUSTAINABILITY INDEX 2012 ........................................................................................ 19

MEDIA SUSTAINABILITY INDEX 2011 ........................................................................................ 20

Забелешки од локални јавни и граѓански организации: ........................................................ 20

Институтот за човекови права.................................................................................................. 20

Транспарентност Македонија .................................................................................................. 21

Хелсиншкиот комитет за човекови права .................................................................................. 21

Коалиција за сите за правично судење ........................................................................................ 23
Препораки: ....................................................................................................................................... 23

## Методологија

Во прилог следи кратко истражување во форма на документ за јавна политика кое се базира на забелешките за работата на судовите и на медиумите од повеќе институции кои се групирани во три дела и тоа: **интернационални политички организации и интернационални граѓански организации, локални јавни и граѓански организации**.

Овој документ се обидува да образложи преку презентирање на наодите на релевантни домашни и странски политички и граѓански организации кои се причините за континуираниот пад, кои се последиците од тој негативен тренд но и препораки за подобрување на ситуацијата. Документот се осврнува за забелешките на работењето на медиумите, пристапот на власта кон нивното финансирање и влијание во уредувачката политика но и во делот на владеењето на правото и фундаменталните човекови права со особен фокус на судската пракса за клевета и навреда каде се тужени новинари. Документот се фокусира на овие две точки бидејќи се важни за унапредување на нивото на демократијата во една земја но и дека се дел од петте клучни области во Пристапниот дијалог на високо ниво помеѓу Владата на РМ и Европската комисија, започнат во март 2012 година, кој има улога да обезбедува поттик за процесот на реформи кон европската интеграција, без притоа да ги занемари стандардните претпристапни постапки.

Во вториот дел се и препораки за подобрување на слободата на изразување и независноста на земјата како и подобрување на судската праска.

## Вовед

Слободата на изразување и независноста на медиумите се сериозно нарушени во Македонија. Европската унија, Американската администрација, Специјален известувач на ОН за слобода на мислење и изразување, ОБСЕ, како и реномирани граѓански организации како Freedom House и Репортери без граници, имаа заеднички став дека во последните шест години прашањето за независноста на медиумите и нивото на слободата на изразување бележи континуиран пад. **Негативните примери кои влијаат кон влошување на состојбата најчесто вклучуваат: притворени новинари и несразмерни казни против медиуми, нови медиумски рестриктивни закони, упад на Владата во медиумскиот пазар преку владини кампањи, политичко влијание врз јавниот сервис и регулаторното тело, создаде непрофесионални медиуми и сериозно е загрозен плурализмот на медиумите.**

Во текот на изминатите четири години, Здружението на новинари на Македонија како претставник на новинарите во Македонија, е активно вклучено во следењето и анализирање на состојбите на слободата на медиумите и на јавното мислење на домашните и меѓународните организации по однос на овие прашања.

Во оваа преглед покрај наодите кои се однесуваат на ситуацијата со новинарите и медиумите во Македонија се земаат во предвид и забелешките кои меѓународните организации и институции ги имаат за работата на судството. Ваквиот интерес на меѓународната заедница за овие сегменти е поради нивната улога во создавањето на демократските вредности во едно општество.

# Забелешки од интернационални политички организации:

## ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2013

Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на Македонија во 2013 година е еден од најкритичните досега. Комисијата констатира дека и покрај напредокот во законодавството, репутацијата на земјата во врска со слободата на медиумите продолжил да опаѓа, како во домашната така и во меѓународната сцена. Во извештајот се потенцира дека довербата помеѓу владата и претставниците на медиумите е сериозно нарушен од настаните на 24 декември 2012 година, кога новинарите во контроверзни околности беа насилно избркани од собраниската галерија.

*„Во однос на слободата на изразување, напредокот во дијалогот со медиумите е во застој по исфрлањето на новинарите од Собранието при што и покрај развојот на законодавната рамка, угледот на земјата за слободата на медиумите се влоши. Затворањето на голем број медиуми во последниве години, исто така ја намали разновидноста на различните ставови достапни до граѓаните“*[1].

Комисијата смета дека дијалогот со медиумите, кој служеше како позитивен пример за целиот регион покренат во 2011 година, е прекинат.

Во врска со медиумските закони Комисијата вели дека за нивното изготвување одржани се широки консултации со меѓународни експерти и домашни чинители, иако клучните разлики меѓу владата и новинарската заедница останале нерешени. *„Медиумските закони од разни актери се гледаат како потенцијална опасност за злоупотреби. Дел од актерите продолжуваат да ја истакнуваат загриженоста дека предложените закони може да се користат да се ограничи слободата на медиумите“,* стои во Извештајот[2].

За прв пат во Извештајот Комисијата е загрижена за трошоците за владините реклами, за што многумина во земјата сметале дека се насочени само кон провладините медиуми, давајќи им значајна финансиска предност. *„Присутна е постојана загриженост за отсуство на транспарентност на владиното рекламирање и на самоцензурата како и економскиот притисок врз сопствениците и новинарите“,* се истакнува во Извештајот[3]. И во 2013 година Комисијата има забелешки на квалитетот на македонското новинарство, поради ниското ниво на почитување на професионалните стандарди, поларизацијата и отсуството на точни и различни информации, со што се ограничува можноста на јавноста да се информира соодветно. *„Потребно е да се зајакне квалитетното истражувачко новинарство како и пристапот на јавноста до балансирано известување и плурализам на мислења. Системот на саморегулација во медиумите и професионалната стратегија за зајакнување на професионалните стандарди, треба сеуште да се развива“,* смета Комисијата[4] и препорачува дополнително напори со цел да се подобри медиумското опкружување.

---

[1] Заклучоци од Стратегијата за проширување и главните предизвици за 2013-2014 г. кои се однесуваат на Република Македонија (стр. 3) http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/ZaklucociStrategija2013MK.doc
[2] Ibid стр.37
[3] Ibid стр.58
[4] Ibid стр.15

Комисијата е загрижена што медиумското опкружување останува високо поларизирано. Во текот на локалните избори во март 2012 година, Советот за радиодифузија и ОБСЕ/ОДИХР известиле за отсуство на балансирано известување од неколку радиодифузери, вклучувајќи го и јавниот радиодифузен сервис, МРТ. *„Медиумите широко ја покрија изборната кампања, но неколку радиодифузери, вклучувајќи го и јавниот радиодифузен сервис не понуди балансирано покривање на кампањата“,* се истакнува во Извештајот[5]. Советот за радиодифузија изготвила водич за промоција на плурализам во медиумите и го зајакнал мониторингот на програмите на радиодифузерите, но потребни се други напори. *„Загриженоста за неговата независност останува“,* оценува ЕК[6].

Како единствен резултат од дијалогот на високо ниво, од петте области, напредок Комисијата забележал во областа за заштита на слободата на изразување во медиумите со декриминализацијата на клеветата и навредата. За соодветна примена на законот оддржани се обуки за судии, адвокати и новинари и преведени 70 пресуди од Европскиот суд за човекови права во Стразбур поврзани со членот 10, кои се достапни на веб страната на Министерството за правда и на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО).

Сериозни критики во извештајот ЕК упатува и за состојбата во судството, кое според нив е селективно и тоа особено за случаи кои се значајни или политички чувствителни: „В*о однос на независноста, има тврдења за селективна правда, индиректен политички притисок, судски одлуки кои се невообичаено забрзани во однос на исходот или брзината, како и содржината на судските одлуки што некогаш имаат директни последици врз кариерата на засегнатите судии, особено во значајни или политички чувствителни случаи. Со оглед на тоа дека правдата не треба само да се спроведува, туку треба и да се види дека се спроведува, фактот што во истата постојат такви сомнежи претставува проблем за независноста на судството и за довербата на јавноста во неа“.*

Покрај критиките во Извештајот[7] се спомнуваат и реформите спроведени во судскиот систем, како што е Стратегијата за реформа во судството и акцискиот план поврзан со истата се спроведени уште во меѓу 2004 и 2010 година. Тоа што преостанува е подобрување на практиката со цел обезбедување правилно спроведување на европските стандарди кои се однесуваат на независноста и квалитетот на судството. Понатаму, позитивни критики Извештајот[8] дава за бројот на организирани обуки за судиите, обвинителите и државните службеници од страна на АСЈО но не и за процесот за назначување на судиите: *„Судскиот совет и понатаму ги игнорира барањата на законот, со тоа што во 2012 година назначи 39 судии во прва инстанца од кои само 4 беа дипломци на АСЈО и 13 во првата половина на 2013 година од кои само 1 е дипломец на АСЈО. Во исто време, 13 од 80 кандидати за судии и обвинители кои дипломирале од 2009 година сè уште го чекаат своето прво вработување. Ова ја доведува во прашање ефикасноста на новото законодавство и посветеноста на начелото на вработување според заслуга“.* Ова остава сомнеж за независноста на судот

[5] Ibid стр.7
[6] Ibid стр.37
[7] Ibid стр.52
[8] Ibid стр.52 и 53

во процесот на назначување судии како и во кадарноста и подготвеноста на ново назначените а директен негативен ефект е и демотивацијата присутна кај младите правници да конкурираат на огласите на АСЈО за пријава на обуките а потоа и за шанса да бидат ангажирани од страна на судот. Освен тоа се наметнува прашањето за огромниот број на судии на цела територија кој изнесува 670 а ова претставува повеќе од 50% од европскиот просек во однос на бројот на населението. Секако ова има и огромни финансиски импликации на буџетот на судот кој изнесувал 29.6 милиони евра за 2013 година од кој 80% проценти бил наменет за плати на судиите и административниот персонал.

Друг предизвик кој е присутен во судскиот систем е и неразумниот рок за дел од судските спорови кој предизвикува и голем број на жалби кои се однесуваат на должината на судските постапки. Имено, Судскиот совет само во 2012 година за оваа проблематика има примерно 879 жалби против судии а Врховниот суд и понатаму добива барања за надомест за судење во неразумен рок и тоа вкупно 1906 во 2012 година што е благ пораст од претходната година.

## Извештај на Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување за неговата мисија во Македонија (18-21 јуни 2013)

Извештајот на Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување Френк Ла Ру е најсериозниот целосен извештај за состојбата со слободата на изразувањето и слободата на медиумите во 2013 година во Македонија.

Специјалниот известувач во неговиот извештај изразува сериозна загриженост во врска со нееднаквата примена на законите и нејзиното директно влијание врз плурализмот и независноста на македонските медиуми.

*„Во текот на последните четири години, најмалку седум важни медиуми, вклучувајќи го најстариот приватен телевизиски канал во земјата и еден од најчитаните политички неделници, беа обврзани да ги прекинат своите активности. Во овој контекст, извештаите за пролиферација на судски мерки против одредени медиумски претпријатија по барање на Владата и на регулаторните тела; наводите на мешање на Владата во функционирањето на регулаторното тело; наводите за неправична распределба на државните средства за публицитет која фаворизира медиумски групи блиски со Владата; и тврдењата за вршење притисок против синдикално здружените новинари се загрижувачки показатели на намалување на просторот за плурални и независни медиуми во земјата“.*[9][10]

Специјалниот известувач е загрижен и за затворањето на приватни медиуми, изрекувањето прекумерни казни кон нив но и за мешањето на власта во независноста на регулаторните тела и на судскиот систем:

*„Загрижувачките показатели вклучуваат зачестена примена на несразмерни ограничувања против медиумските претпријатија и професионалци во релативно*

---

[9] Извештај на Специјалниотизвестувач за унапредување и заштита направото на слободана мислење и изразување, Френк Ла Ру од јуни 2014 година http://www.ohchr.org/EN/HRBodies/HRC/RegularSessions/Session26/Documents/A-HRC-26-30-Add1_en.doc стр.7

[10] Страните на кои се однесуваат референците се од македонската верзија на овој Извештај и можно е да има разлики од официјалната англиска верзија

*краток временски период, вклучувајќи наложување на затворање на некои од најважните приватни телевизиски канали и весници и произволен притвор на новинар истражувач. Изрекувањето прекумерни казни, особено против сегменти на медиумите кои се критични кон властите, има негативно влијание кое оди многу подалеку од директната штета за медиумските групи или новинари кои се замолчени. Екстремни мерки како овие го поткопуваат плурализмот на медиумите и генерираат широк застрашувачки ефект кој може сериозно да го поткопа влијанието на сиот законски напредок во областа на слободата на изразување Во оваа смисла, Специјалниот известувач беше исто така сериозно загрижен со наводите кои ги слушна во врска со мешање на државните органи во независноста на регулаторните тела и на судскиот систем, кои пак спроведуваат некои загрижувачки одлуки.“*[11]

Посебен дел во Извештајот е посветен на судските одлуки против медиуми и новинари, наметнувањето на несразмерни казни против медиумски групи и професионалци кои се сметаат критични кон властите кои поради финансиските дејствија престанаа да постојат некои од тие критичните медиуми, со посочување пример на телевизијата А1, А2 и дневните весници Време, Коха е Ре и Шпиц). За овој случај Специјалниот известувач не дава квалификации за основаноста на обвинението за даночно затајување и перење пари туку е вознемирен зошто судските и фискалните власти не усвоиле алтернативно решение со кое можело да се спречи истовременото затворање на толку медиумски субјекти. Пропорционалноста на казните за овие случаеви беа загрижувачки и за Претставникот на слободата на медиумите на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ).
Специјалниот известувач од друга страна ги поздравува активностите за подигање на свеста на судиите за меѓународни стандарди поврзани со правото на слобода на мислење и изразување со порака дека судските власти за меѓународните стандарди за човекови права треба да добиваат континуирано внимание.
Декриминализацијата на клевета и навреда се смета како позитивен прогрес но околу ова Специјалниот известувач споделува и критика: *„специјалниот известувач ги забележа со загриженост информациите добиени од различни извори дека, дури и по декриминализацијата на клеветата, тужби за клевета се уште се поднесуваат релативно често, особено против истражувачките сегменти на медиумите кои покриваат корупција и злоупотреба од страна на државните власти. До април 2013 година, на пример, како што е известено, веќе биле прифатени 60 тужби во врска со клевета“*[12].
Во моментот кога овој Извештај беше објавен во исто време од страна на Секретаријатот на Обединети нации беа објавени коментари од страна на Македонија на Извештајот на Специјалниот известувач[13]. Коментарот е следниот: *„според статистичките податоци добиени од Министерството за правда, заклучно со ноември 2013 година, состојбата во однос на структурата на случаи кои се однесуваат на клевета и навреда што се гонат од Основниот суд Скопје (каде што се постапува по повеќето од таквите случаи) е како што следува: Имало 61 случај во кој биле тужени новинари или медиумски куќи за клевета и навреда од страна на физички и правни лица, политичари,*

[11] Ibid. стр.6, точка 14
[12] Ibid стр.9, точка 27
[13]Коментари од Македонската влада на Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразувањеhttp://www.ohchr.org/EN/HRBodies/HRC/RegularSessions/Session26/Documents/A-HRC-26-30-Add5_en.doc

*новинари и други, итн. Политичари или поединци биле тужени за клевета или навреда во 20 случаи, а тужители се други политичари, новинари, поединци, итн.“*[14]

Специјалниот известувач во својот Извештај посветува внимание и на конкретни судски случаеви кои ги засегаат новинарите и медиумите. Еден од нив е случајот за неделникот Фокус каде Специјалниот известувач ја изразува својата загриженост во врска со дополнителното негативно влијание на оваа одлука врз работата на Фокус и смета дека е сосема несоодветно судовите дури и да земат во разгледување тврдења за клевета кои се однесуваат за фактичко пренесување за изјави на државни службеници или друга трета страна. *„Важноста на понатамошни напори неопходни за да се изменат ваквите практики на судовите и да се подигне свеста во рамките на судството е јасна во овој случај.“*[15]

За известувачот на Обединетите нации Ла Ру случајот на новинарот Томислав Кежаровски е пример на заплашување на истражувачките медиумски професионалци преку судски постапки во Македонија.

„*Новинарот беше уапсен во мај 2013 и држен во притвор шест месеци, вклучувајќи за време на посетата на Специјалниот известувач, без јасно судско образложение, и покрај протестите на граѓанското општество и повиците за негово ослободување од страната на меѓународни експерти за човекови права. Тој беше префрлен во домашен притвор во ноември 2013 година додека трае жалбената постапка против неговото осудување*.“[16]

За него е спорна и казната од четири и пол години затвор за откривање на идентитет на сведок во еден новински напис објавен две години пред утврдувањето на заштитениот статус на тој сведок, која изгледа неправична и јасно непропорционална.

*„Покрај тоа, организациите на граѓанското општество тврдеа дека откритието на г-дин Кежаровски служело на јавниот интерес бидејќи се однесувало на пријавување злоупотреба од страна на полицијата. Специјалниот известувач побара средба со новинарот за време на посетата и длабоко жали што судските власти одбија да му дозволат пристап. Тој јавно се приклучи на Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите во нејзиниот повик за ослободување на г-дин Кежаровски и продолжи да верува дека неговата казна е неправедна и негативно влијае врз уживањето на слободата на медиумите во земјата. Ваквото екстремно казнување на истражувачки новинар генерира вознемирувачки ефект што секако влијае врз сите новинари во земјата“.*[17]

Тој смета дека сукцесивно оспорените судски и регулаторни одлуки има негативен ефект врз плурализмот на медиумите и укажува на потребата за внимателен преглед на работата и функционирањето на судството и на регулаторните тела.

*„Во овој поглед, Специјалниот известувач беше дополнително загрижен со наводите што ги доби во врска со мешање на владините органи во независноста на судиите и адвокатите. Неодамнешното назначување на пет члена на Уставниот суд, на пример, се тврди директно влијаело на независноста на ова тело, кое почна да одлага и компромитира одлуки, вклучувајќи во скорешни случаи поврзани со правото на слобода на изразување. Понатаму, Уставниот суд нема административна и финансиска автономија потребна за извршување на својата работа со бараната независност. Сите човекови права се под голем ризик без заштитата од целосно независен судски систем. Затоа, Специјалниот известувач нагласува дека се потребни итни одговори*

---

[14] Ibid стр.3, став 27

[15] Извештај на Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување стр.9, точка 29

[16] Ibid стр.9, точка 32

[17] Ibid стр.10, точка 33

*за да се идентификуваат внимателно и елиминираат сите можни начини на мешање во работата на судството."*[18]

Во поглед на независноста на медиумскиот регулатор – Советот за радиодифузија и јавниот радиодифузен сервис, Извештајот ги нотира измените на законот според кој бројот на членовите на Советот беше зголемен од 9 на 15 со дополнителни 6 членови кои се номинираат од страна на државните институции контролирани од страна на владејачката коалиција. Оваа промена во составот на Советот на медиумскиот регулатор е во спротивност со Препораката Rec (2000)23 на Комитетот на министри на Советот на Европска до земјите членки за независност и функциите на регулторните власти во радиодифузниот сектор, прописите во врска со составот на ваквите тела треба да се бидат дефинирани така што ќе ги заштитат од било какво мешање особено од политички сили или економски интереси. Слични настани кои предизвикуваат загриженост за независноста во Македонската радио телевизија се настаните од јули 2011 каде Извршниот одбор на Македонската радио телевизија одлучи да ги разреши сите седум директори на одборот истовремено иако само два беа близу до истекување на нивниот мандат. Еден од стандардите на Советот на Европа кој важи за сите членки земји е тоа дека државите треба да ја гарантираат целосната независност и уредувачката слобода на јавниот сервис.

Како еден од начините како се влијае на независноста на медиумите е состојбата со рекламниот пазар и посебно ја истакнува транспарентноста во распределбата на Државниот буџет во корист на наклонетите медиуми. Како што е наведено и во точка 41 од Извештајот која се однесува на пристапот на државното рекламирање кон критичките медиуми ја ограничува плуралноста на мислење во медиумскиот пејзаж во корист на медиумите усогласени со Владата.

Специјалниот известувач е особено загрижен и поради поделеноста во новинарската фела која беше исто така одразена и од состаноците со новинарските организации. Наодите дадени на средбата со Здружението од новинарите на Македонија (ЗНМ) формирано во 1946 година и на Новинарскиот синдикат формиран во 2011 година беа критични со нивно искажување на загриженост за влошување на ситуацијата во која работат новинарите и медиумите. Од друга страна, Македонската Асоцијација на Новинарите, основана во 2002 но после долгогодишна неактивност повторно активирана во 2013 година изрази проблеми кои се разликуваа од другите кои беа зборувани и ја критикуваа работата на другите синдикати и субјекти на граѓанско општество забележувајќи ја нивната политизација.

Како негативен момент за слободата на изразувањето известувачот Ла Ру го спомнува 24-ти декември каде новинарите насилно се отстранети од парламентарната сала по наредба на Претседателот на Собранието на Македонија, Трајко Вељановски. Ова беше потврдено како прекршување на Уставот и законите од страна на Анкетната комисија во Собранието во август 2013 и беше настан кој резултираше со прекин на процесот на дијалогот за медиумите започнат во контекст на пристапниот дијалог на високо ниво со ЕУ.

Специјалниот известувач ги коментира и медиумските закони и ја истакнува важноста дека овие процеси треба да се спроведуваат на инклузивен начин  со медиумите и граѓанското општество. За крај забележува дека мора да се посвети внимание на осигурувањето на доброволната природа на сите иницијативи за саморегулација во медиумите.

Овој извештај е резултат од официјална мисија на Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување, Френк Ла Ру,

[18] Ibid стр.10, точка 34

во Македонија од 18-21 јуни 2013 година, која беше реализирана на покана на Владата. Посетата беше извршена во согласност со неговиот мандат за оценување на усогласеноста со меѓународните стандарди за правото на слобода на мислење и изразување. За време на посетата, Специјалниот известувач се сретна со низа високи владини претставници, претставници од судот, јавното обвинителство, Претседателот на Советот за радиодифузија, Народниот правобранител но и со претставници на граѓанското општество, вклучувајќи организации за човекови права, новинарски здруженија како и со низа новинари соочени со тужби за клевета и навреда.

## Конечен извештај на Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР за ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 13 и 27 април 2014

По прием на покана од страна на Министерството за надворешни работи, Канцеларијата на ОБСЕ за Демократски институции и човекови права (ОБСЕ/ОДИХР) назначи Набљудувачка мисија за избори (НМИ) за претседателските избори на 13 и 27 април и предвремените парламентарни избори на 27 април 2014 год. За набљудување на денот на изборите на 13 април, НМИ на ОБСЕ/ОДИХР ги здружи своите напори со делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ).

На 15 јули 2014 година беше објавен Финален извештај[19] кој ги сублимира сите наоди во поглед на изборните процеси за претседателските и парламентарните избори а посебен фокус е даден и за начинот на кој известуваа медиумите.

Извештајот уште во Извршното резиме ја истакнува индиректната контрола на владејачката партија врз медиумите и тоа заради доминантноста на државата во рекламниот пазар. Беше спроведен и мониторинг на начинот на кој известуваа медиумите според кој најголем дел од медиумите биле пристрасни во пола на владејачката партија и нејзиниот претседателски кандидат и главно негативни против главната опозициска партија и нејзиниот кандидат, вели Извештајот[20]. Следниот параграф се однесува на јавниот сервис – МРТ и вели: *„јавниот радиодифузер не обезбеди избалансирано и еднакво медиумско покривање за сите кандидати и партии, што се коси со ставот 7.8 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год. Потфрлањето на медиумите во раздвојувањето на медиумското покривање на државните службеници во својство на министри и кандидати доведе до замаглување на линијата меѓу државата и партијата.“*

Извршното резиме прави осврт и за судското решавање на различните видови на случаи поврзани со изборите и кратките рокови кои во комбинација со ограниченото право на избирачите на правен лек во секоја етапа од изборниот процес, не го гарантира ефективниот лек како што е предвидено со ставот 5.10 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 год. Освен тоа, Извештајот додава дека: *„некои од одлуките на управните*

[19]Конечен извештај на Набљудувачката мисија за избори на ОБСЕ/ОДИХР за ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ И ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 13 и 27 април 2014 http://www.osce.org/mk/odihr/elections/fyrom/121926?download=true

[20] Ibid стр.5

*органи не може да се обжалат. Сето ова го прави механизмот за решавање на изборни спорови неефективен.“*

Во Главата X, точка А од Извештајот, кој се однесува на медиумите, се повторуваат истите забелешки како и во другите извештаи на други меѓународни институции и организации, како што се владините кампањи. Во овој извештај директно се посочува дека од петте национални приватни телевизии две имаат доминантна позиција на рекламниот пазар и го добиваат најголемиот дел од приходите преку рекламирање на државата во нивната програма а тоа се Сител и Канал 5. Мисијата препорачува Агенцијата за медиуми и *„членовите на АВМУ да имаат претходно искуство со медиуми и да не се првенствено политички именувани лица.“*

Забелешки има и за Законот за избори во делот за медиумите каде се укажува дека законот треба да се измени со цел да се даде ист пристап на сите учесници во изборната кампања во јавниот сервис на недискриминаторска основа зошто сегашното решение ги дискриминира помалите политички партии.
Во делот на работата на регулаторот има препораки дека Агенцијата за медиуми треба: *„навремено да покрене прекршочни постапки против утврдени повреди со цел да ја зголеми јавната доверба и да им обезбеди на подносителите на приговори ефективен правен лек. Санкциите треба да бидат јасно дефинирани и да соодветствуваат со сериозноста на сторената повреда.“*

ОБСЕ спроведе и мониторинг на начинот на кој известуваа поголемите радиодифузери и печатени медиуми. Конкретно мониторинг се спроведе на медиумското покривање на изборната кампања на МРТ-1, МРТ-2, Сител, Канал 5, Алфа, Телма и Алсат-М во текот на ударните термини (18:00 до 24:00), и на двете главни информативни програми на Вести 24 (20:00 и 22:00).
Дополнително, ОБСЕ спроведе мониторинг на медиумското покривање на пет дневни весници: Дневник, Слободен Печат, Нова Македонија, Коха и Лајм. Главната забелешка е следната: *„додека сите медиуми на кои се спроведе мониторингот обезбедија широко медиумско покривање во дневно-информативните емисии, најголем дел од нив, освен Телма и Вести 24, покажаа значителна пристрасност во однос на владејачките партии, како во однос на квантитет, така и во однос на тонот на медиумското покривање.“*[21]
Забелешката наведена во Извештајот која следи се однесува на МРТ која пак се придржуваше на точните квантитативни барања наведени во законот но тонот на медиумското покривање беше различно каде сите учесници во изборната трка добија неутрален пристап освен ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и кандидатот за претседател на ВМРО-ДПМНЕ каде беа нагласени нивните постигнувања и идни проекти настрана од негативните вести кои се однесуваа на оваа партија. Телма, Вести 24 и Алсат – М ја информираа ОБСЕ дека кандидатот за претседател од ВМРО-ДПМНЕ не одговорил на нивните покани за дебата или индивидуални интервјуа[22].
Главната препорака во Извештајот за овој дел е: *„радиодифузерите, а особено јавните, треба да направат дополнителни напори за јасно разграничување меѓу официјалните владини активности на кандидатите и нивното појавување во контекст на изборна кампања.“*

---

[21] Ibid стр.20-21
[22] Ibid стр.21, фуснота 30

Споредбено со радиодифузерите, печатените медиуми презентираа поширока разнообразност на гледишта. Додека Дневник и Нова Македонија изразуваа јасна поддршка за ВМРО-ДПМНЕ и беа во голема мера критични против СДСМ, Слободен Печат беше мошне критичен кон владата и ВМРО-ДПМНЕ, а со пофалби за СДСМ. Двата дневни весници на албански јазик на кои се спроведе мониторинг, Коха и Лајм, се фокусираа на активностите на етничките албански партии. Додека Коха покажуваше јасна поддршка за ДУИ, Лајм беше критичен кон ДУИ, вели Извештајот[23].

## Извештај на Стејт департмент за почитување на човекови права за 2013 година

Американската администрација во 2013 година упати најдиректни критики на адреса на македонската влада за состојбата со човековите права во Македонија. Во последниот извештај американците тврдат дека македонската влада не успева целосно да го почитува владеењето на правото затоа што се меша во работата на судството и на медиумите

Тие сметаат дека и покрај тоа што уставот гарантира слободата на изразување состојбата е влошена затоа што владата често не го почитува ова право. *„Притисокот на владата врз медиумите е проблем кој ескалира. Во текот на годината ЗНМ го критикуваше општиот пад на слободата на медиумите. ЗНМ и ССНМ јавно ги повикаа властите да ги вклучи сите медиуми за да се адресираат проблемите со слободата на медиумите“*, стои во Извештајот[24].

Во овој дел од извештајот американците тврдат дека поединци можат да ја критикуваат владата јавно или приватно, но постојат веродостојни извештаи дека владата се обидува да ја попречува критиката во медиумите насочувајќи ги средствата од рекламите кон провладините медиуми.

Освен тоа се потенцира дека само мал ограничен број на независни медиуми гласно и постојано пренесуваат различни погледи без ограничување.

*„Највлијателните медиуми ретко ја критикуваат власта, која е најголемиот огласувач во медиумите, со што ги прави да бидат финансиски зависни, и тоа се одразува врз уредувачката политика. Приватните медиуми тврдат дека рутински добиваат повици од највисоките позиции на власта со наметнување како и што да се известува во врска со политички прашања*", стои во извештајот[25].

Во врска со насилството и заканите врз медиумите се вели дека новинарите се принудени да го прилагодат нивното известувањето во корист на владата или во спротивно губат работа.

„*Членовите на ЗНМ се жалеа дека претставници на локалната и централната власт ги присилуваат сопствениците на регионалните медиуми да ги зачленат нивните репортери како членови во провладината Македонска асоцијација на новинари (МАН). Известувачите тврдеа дека зачленувањето во МАН ќе им овозможи на нивните*

---

[23] Ibid стр.22

[24] Bureau of Democracy, Human Rights and Labor Country Reports on Human Rights Practices for 2013 Section 2. Respect for Civil Liberties, Including:Share a. Freedom of Speech and Press http://www.state.gov/j/drl/rls/hrrpt/humanrightsreport/index.htm?year=2013&dlid=220304#wrapper

[25] Ibid Section: Violence and Harassment

*телевизии да работат со помалку вмешување од страна на властите“,* се потенцира во Извештајот[26].

Самоцензурата е уште еден проблем посочен во извештајот, која, според извештајот, е резултат на притисокот на владата врз медиумите и новинарите. *„Новинарите известуваа дека е често присутна самоцензурата кога известуваат за чувствителни прашања за владата. Приватните медиуми тврдат дека рутински добиваат повици од највисоките позиции на власта со наметнување како и што да се известува во врска со политички прашања“*, констатира извештајот.

Американската администрација во извештајот ја нотираат и улогата на полицијата на 24 декември 2012 година кога обезбедувањето ги избрка новинарите од собраниската галерија.
*„Одделот за професионални стандарди ја отфрли како неоснована претставката на Здружението на новинарите на Македонија за незаконското и непрофесионално постапување на инволвираните полициски службеници во тепачката помеѓу полицијата и новинарите во зградата на парламентот во 24 декември 2012 година“,* се вели во Извештајот[27] на САД.
Во овој дел се додава дека по кратка истрага одделот за професионални стандарди на полицијата утврдил дека бркањето на новинарите било законски за да обезбедат нормални услови за работа и безбедност на пратениците.

## Забелешки од меѓународни граѓански организации:

Неколку меѓународни невладини организации што работат на полето на слободата на изразувањето, слободата на медиумите и човековите права во своите годишни извештаи за состојбите на полето на нивниот интерес ја вклучуваат и Македонија.

Во подготовката на извештаите, меѓународните организации користат слична методологија. Освен следењето на тековните настани што ги засегаат медиумите, општите трендови во општеството, тие, пред сѐ, се потпираат на работата на интервјуа со претставници на засегнатите страни во одделните земји, вообичаено со загарантирана анонимност за изворите.

Безмалку сите извештаи, во прегледот на состојбите во индивидуалните држави, посветуваат одредено внимание на работата на правосудните органи (судови, обвинителства) и на нивното однесување и пракса во судските случаи што вклучуваат новинари како странки, а особено во случаите на тужби против новинари обвинети за клевета и навреда.

Во последните неколку години, Македонија бележи драматичен пад на позицијата на повеќето ранг-листи кои се вообичаен дел од таквите извештаи. Можеби најдраматичен е примерот со ранг-листата „Индекс на слободата на печатот“ на организацијата „Репортери без граници“ (Reporters without Borders), на која Македонија бележи пад од 34-то место во 2009 година на 123 место во извештајот за 2014 година.

---

[26] Ibid Section: Censorship or Content Restrictions
[27] Ibid Section: d. Arbitrary Arrest or Detention Role of the Police and Security Apparatus

Иако малку од таквите извештаи одат во детали, сите содржат некаква референца на односот на правосудните органи и медиумите/новинарите, особено од гледна точка на нивното јавување како актери во судски постапки, пред се во случаи на тужби за навреда и клевета. Секако дека третманот што новинарите го добиваат во судовите и односот на правосудните органи кон новинарите придонесува за негативните оценки што Македонија ги добива во таквите извештаи во последните години.

Следат цитати од повеќе такви извештаи, подготвени од „Репортери без граници“ (Reporters without Borders/Reporters sans Frontiers), „Фридом хаус“ (Freedom House), IREX. Цитатите се извадени од неколку последователни извештаи од организациите од последните три години со цел да се покаже негативниот тренд кој е присутен неколку години последователно.

## РЕПОРТЕРИ БЕЗ ГРАНИЦИ

(Репортери без граници е меѓународна организација со седиште во Франција што се занимава со постојано следење на нападите врз слободата на информирање во целиот свет; ги осудува сите напади врз слободата на информирањето во медиумите; соработува со владите во борба против цензурата и законите што имаат за цел ограничување на слободата на информирање; дава морална и финансиска поддршка на новинарите што се соочуваат со прогон и на нивните семејства; им нуди материјална помош на воените дописници за зајакнување на нивната безбедност.

Репортери без граници секоја година го објавува годишниот извештај за слободата на медиумите „Индекс на слободата на печатот“ (Press Freedom Index).

## PRESS FREEDOM INDEX 2014

*Иако Македонија се справува со зацртаните реформи што треба да ја изнесат на патот кон полноправно членство (во ЕУ), демократските кулиси поставени последните неколку години не можат да ги сокријат бројните повреди на слободата на информациите.*

*Новинарот Томислав Кежаровски стана симбол на таквите повреди. Откако во октомври 2013 година беше осуден на затворска казна од четири и пол години за откривање на идентитетот на заштитен сведок во случај на убиство, поради меѓународниот притисок, казната му бешепреиначена во куќен притвор. Веќе наредниот ден по таа одлука, еден друг македонски новинар, Зоран Божиновски, беше уапсен во Србија под обвинение за шпиунажа по потерница на Интерпол. Познати и како „македонскиот Џулијан Асанж“, Божиновски има објавено повеќе истражувачки стории за Сашо Мијалков, шеф на македонските разузнавачки служби и роднина на премиерот Никола Груевски.*[28][29]

[28]Press Freedom Index 2014 Report http://rsf.org/index2014/data/index2014_en.pdf стр. 27
[29]Бројот на страна се однесува на страната во PDF документот што се отвара на сајтот, а не означувањето на страните во самиот документ како што е печатен

## PRESS FREEDOM INDEX 2013

*Албанија, Црна Гора и особено Македонија (116 место, пад од 22 места) се послабо пласираните држави од Балканот, сите со истите лоши наоди:* ***притисок преку правосудството кој често се потпира на несоодветното законодавство,*** *недостиг на пристап до јавните податоци и информации, физичко и психолошко насилство кон лицата што работат во областа на информирање и известување, користење на рекламниот пазар како алатка, влијанието на сивата економија врз некои сегменти од медиумите што се од витално и клучно значење. Сите претходно наведени се пречки за правото на пренесување на вестите и правото на луѓето да знаат што се случува. Следејќи ги негативните примери на Унгарија и Италија, Собранието на Македонија се подготвува да ја „легализира цензурата“, дувајќи ту тупло ту ладно кон професијата која премногу често е препуштена самата на себе.*[30]

## PRESS FREEDOM INDEX 2011-2012

*Економската криза става дополнителен акцент на проблемите со кои се соочуваат медиумите на Балканот – злоупотребата на медиумите од страна на приватни или криминални интереси, нелојална конкуренција на малите пазари, и самоцензурата што ја бираат се повеќе слабо платени новинари.* ***Службениците во правосудството – често слабо обучени, влезени во сојузништво со владите и корумпирани – наизглед се позаинтересирани да ги вознемируваат и да вршат притисок врз медиумите наместо да и стават крај на неказнивоста на оние што им се закануваат или вршат физички напади врз новинарите.*** *Горното е случај во БиХ, Црна Гора, Албанија и* ***Македонија, каде 40 % од медиумите исчезнаа со затворањето на компанијата „Плус продукција“, која поседуваше три дневни весници и водечката приватна ТВ станица.***[31]

## PRESS FREEDOM INDEX 2010

*„Балканскиот полуостров минува низ големи промени а причините за загриженост остануваат. Црна Гора, Македонија, Србија и Косово бележат најголем пад на листата. Иако законодавните реформи што се услов за придружување кон ЕУ се усвоени во најголемиот број држави на Балканот, нивната примена, таму каде што воопшто ја има, е во фаза на зародиш. Контролата врз јавните и приватните медиуми преку пресметано користење на рекламните и промотивните буџети на институциите како и* ***врската помеѓу политичките и правосудните кругови*** *многу ја отежнува работата на новинарите. Наоѓајќи се во ранлива ситуација, фатени во менгемето помеѓу насилството на ултра националистичките групи и властите што сè уште не се ослободени од старите рефлекси од комунистичкото време, се повеќе новинари ја избираат позицијата на пресметана самоцензура или „платеничко“*

---

[30]Press Freedom Index 2013 Report http://fr.rsf.org/IMG/pdf/classement_2013_gb-bd.pdfстр. 13
[31]Press Freedom Index 2011-2012 Report http://en.rsf.org/IMG/CLASSEMENT_2012/C_GENERAL_ANG.pdf стр. 3

*новинарство кое е подобро платено, но полека го разјадува кредибилитетот на професијата."*[32]

## FREEDOM HOUSE

„Фридом хаус" е американска невладина организација која подготвува неколку извештаи за состојбата на слободите во светот, вклучувајќи ги и извештаите „Слобода на печатот" и „Држави во транзиција".

## FREEDOM OF THE PRESS 2013

*Во ноември (2012) година, Собранието гласаше за бришење на навредата и клеветата од Казнениот законик, но паралелниот процес на усвојување на закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета воведе парични казни во износ до 27.000 евра за медиумите – 2000 евра за новинарот, 10,000 евра за уредникот, и 15,000 евра за сопственикот на медиумот. По Кривичниот законик, новинарите типично беа казнети со глоба а не со затворски казни, а големиот број на тужби и судски случаи ја ограничуваше слободата на изразувањето и ја охрабруваше самоцензурата.*[33]

## FREEDOM OF THE PRESS 2012

*Новинарите и понатаму се соочуваат со кривични и граѓански тужби за клевета, иако затворот е елиминиран како можна казна во таквите случаи. Во 2011 година беа активни преку 100 судски постапки за навреда и клевета против новинари, од кои некои резултираа во мошне високи казни. Големиот број на тужби и судски постапки продолжува да ја ограничува слободата на изразувањето и да ја охрабрува самоцензурата.*[34]

## FREEDOM OF THE PRESS 2011

*Новинарите и понатаму се соочуваат со кривични и граѓански тужби за клевета, иако затворот е елиминиран како можна казна во таквите случаи. Во 2010 година беа активни повеќе тужби за клевета против новинари, и големиот број судски постапки продолжува да ја охрабрува самоцензурата. Еден новинар на неделникот Форум накратко беше притворен во септември поради неплаќање на глобата од 500 евра по пресуда за навреда за која вели дека не бил известен никогаш.*[35]

## FREEDOM OF THE PRESS 2010

*Новинарите и понатаму се соочуваат со кривични и граѓански тужби за клевета, иако затворот е исклучен како можна казна. Здружението на новинарите на Македонија извести во мај 2009 година дека се активни повеќе од 160 судски постапки против новинари, и дека тужбите поднесени во 2007 и 2008 година досега резултирале во парични казни во вкупен износ од 358,000 долари. Здружението вели дека членовите на владејачката партија само ги префрлиле своите тужби од кривична во граѓанска*

---

[32]Press Freedom Index 2010-2011 Report http://www.rsf.org/IMG/CLASSEMENT_2011/GB/C_GENERAL_GB.pdf, стр. 4

[33] Freedom of the Press Report 2013 http://www.freedomhouse.org/sites/default/files/FOTP%202013%20Full%20Report.pdf стр.252

[34] Freedom of the Press Report 2012 http://www.freedomhouse.org/sites/default/files/FOTP%202012%20Final%20Full%20Report.pdf, стр. 227

[35]Freedom of the Press Report 2011 http://www.freedomhouse.org/sites/default/files/FOTP%202011%20Final%20Full%20Report.pdf, стр. 197-198

*постапка наместо да ги повлечат, како што ветија од партијата во декември 2008 година.*[36]

## NATIONS IN TRANSIT 2014

*Притисоците на кои се изложени македонските медиуми и новинари предизвикаа големо внимание кон крајот на 2013 година, со пресудата со која истражувачкиот новинар Томислав Кежаровски беше осуден на четири и пол години затвор за откривање на идентитетот на еден заштитен сведок во случајот Ореше, во 2008 година. Локалните и меѓународните организации што ја следат ситуацијата на полето на слободата на медиумите ја осудија строгата казна и долгиот притвор пред почетокот на судењето, а поставија многу прашања и за самиот случај и фактичката ситуација.* [37]

## NATIONS IN TRANSIT 2013

*Долгите преговори помеѓу владата и Здружението на новинарите низ целата 2012 година конечно завршија во септември со долгоочекуваната одлука за декриминализација на клеветата и навредата.*[38]

## NATIONS IN TRANSIT 2011

*Повеќе новинари се најдоа на суд бидејќи бројот на тужби за навреда и клевета достигна рекордно ниво во 2010 година, а висината на паричните казни се зголеми. Многу од тужбите против новинари беа поднесени од политичари, судии, владини функционери, или од конкуренцијата. Новинарите, нервозни поради можноста да се најдат на суд, изразија загриженост поради порастот на самоцензурата.* [39]

## IREX[40]MEDIA SUSTAINABILITY INDEX 2014

„Панелистите го спомнаа и случајот во кој судовите не го поддржаа правото да се сочува доверливоста на изворите. На 21 октомври 2013 година, Томислав Кежаровски, новинар на „Нова Македонија“, беше осуден на четири и пол години затвор за откривање на идентитетот на заштитен сведок во судски процес за убиство. (...) Неговите колеги сметаат дека вистинската причина за гонењето на Кежаровски и одлуката да биде држан во притвор за време на истрагата и судењето, е одбивањето да ги открие своите извори во Министерството за внатрешни работи и обвинителството. Исто така, во медиумската заедница преовладува мислењето дека Кежаровски требаше да биде ослободен по сите основи и дека судот не ги земал пред вид сите докази.
(…)Иако декриминализацијата на клеветата и навредата со новиот Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета од 2012 година беше видена како позитивен напредок, многумина предупредија дека високо поставените законски ограничувања за висината на надоместокот може да претставуваат нова алатка за притисок и замолчување на критичките медиуми. Еден новинар со уредничко искуство рече „Можната казна од 10,000

---

[36] Freedom of the Press Report 2010
http://www.freedomhouse.org/sites/default/files/Country%20Reports%202010%20final%20for%20website.pdf, стр. 114-115
[37]http://freedomhouse.org/report/nations-transit/2014/macedonia#.U76XvEA0948
[38]http://www.freedomhouse.org/report/nations-transit/2013/macedonia#.U76X50A0948
[39]http://www.freedomhouse.org/report/nations-transit/2011/macedonia#.U76YH0A0948
[40]Ирекс е интернационална граѓанска организација со седиште во Вашингтон www.irex.org

евра за главниот уредник го обесхрабрува истражувачкото новинарство, особено поради малата доверба во правосудниот систем“. Од една страна, видливо е дека судовите се трудат да ги поттикнат странките да се договорат без судење. Од друга страна, ниту еден судски спор не беше завршен во 2013 година, поради што беше тешко да се даде какво било конечно мислење за примената на законот. Сепак, постои очигледна тенденција судовите поинаку да ги третираат случаите во кои се вклучени про-владини медиуми и новинари и случаите во кои се инволвирани критички или опозициски медиуми и новинари.[41]

## MEDIA SUSTAINABILITY INDEX 2013

(...) Како што забележавме претходно, навредата и клеветата беа декриминализирани... Почетните ефекти беа позитивни и беа сопрени тековните судски постапки. Сепак, постои голема загриженост помеѓу новинарите дека високите лимите за надоместоците на штета можат да се искористат за притисок врз медиумите. Посочувајќи на недоволно обученото и неефикасно правосудство што не е имуно на политички притисоци, панелистите веруваат дека високите казни можат да станат многу поефикасна алатка за замолчување на медиумите и новинарите од кривичната одговорност за навреда и клевета.

Законот, исто така, не успеа да инкорпорира неколку меѓународни стандарди. На пример, товарот на докажување паѓа на новинарот, а тужителот треба да го докаже постоењето на зла намера. Дозволува и членови на семејството да тужат во име на починато лице и членови на една група да тужат во име на групата. Од друга страна, се воведува значајниот принцип дека јавните личности и функционери се предмет на поголем јавен интерес и надзор од страна на јавноста од обичните граѓани.

Медиумската заедница е поделена по прашањето за квалитетот на законот. „Законот ја воведува идејата дека сопствениците на медиумите сносат одговорност за содржината, што може да резултира во зголемен притисок врз новинарите“, рече еден од панелистите.[42]

## MEDIA SUSTAINABILITY INDEX 2012

Македонските судови се потрупани со случаи на навреда и клевета, и иако судските процеси се долги, обештетувањата што треба да ги платат новинарите се високи и имаат ефект на „ладење“ на новинарите, што се одразува во растечката самоцензура. Македонија е членка на Европската Конвенција за човековите права, што значи дека Конвенцијата и праксата на Европскиот Суд за човекови права можат да се применуваат во македонските судови, што не е случај. „Нашите судии секогаш се на страната на олигарсите, политичарите и другите центри на моќ, на штета на новинарите“, рече една панелистка.

*Обичните граѓани се охрабрени да ги тужат новинарите наместо да ја бранат слободата на печатот. Затворањето на А1 ТВ покажа дека медиумските случаи се процесираат според казнените и даночните закони, а не според законите за медиумите, а агенциите што ги спроведуваат законите и правосудството ги бираат најстрогите можни казни. Наместо да ги штитат демократските вредности, тие ги третираат медиумите како криминални организации.*[43]

---

[41]http://www.irex.org/sites/default/files/u105/MSI_EE_2014_Full.pdf, стр. 92
[42]http://www.irex.org/sites/default/files/u115/Europe%20%26%20Eurasia%20MSI%202013.pdf, стр. 103
[43]http://www.irex.org/system/files/u105/EE_MSI_2012_Full.pdf, стр. 112

## MEDIA SUSTAINABILITY INDEX 2011

Во пракса, законите се применуваат селективно и произволно, а правосудството е под жестоко политичко влијание. „Судиите треба да се свесни за јавниот интерес. Јавниот интерес треба да е над сè, дури и кога новинарите прават грешки“, коментира еден од панелистите. Преку селективна примена на законите, властите во голема мерка го загрозуваат основното работење на медиумите што се осмелиле да ја критикуваат власта и создаваат атмосфера на страв помеѓу новинарите. Правниот систем не ги процесира жалбите кога полицијата ќе ги злоупотреби своите овластувања, дури и кога жалбите се поднесени со почитување на правилната постапка.

*(…) Клеветата е казнива според Кривичниот законик а товарот на докажување на нивната невиност паѓа на новинарите. Најголемиот број тужби се поднесени од владини или партиски функционери. Иако нема случаи на новинари што биле осудени на казна затвор за клевета, казните вообичаено вклучуваат високи глоби – а по губењето на случајот, новинарите се соочуваат и со одговорност за плаќање материјална штета. Нема докази за корупција во судовите.*[44]

# Забелешки од локални јавни и граѓански организации:

Повеќе домашни невладини и граѓански организации ги мониторираат релациите меѓу судството и медиумите и  ако внимателно се анализираат сите извештаи  се доаѓа до единствен заклучок дека од година во година и покрај гласните ветувања,  намерите и пишувањето закони  по европски терк, сепак нема доследна имплементација на истите ниту волја пак за усогласување на стандардите според европската  пракса. Неспорно е дека има познавање и повикување на некои судии но до крајот на правосилноста на пресудата сепак се враќа на почетокот и намерите. Во ист контекст е и забрзувањето и одовлекувањето на процесите кога станува збор за судење со функционери  на власта, тогаш се е експресно брзо и обратно кога се бара граѓански тоа се одолвекува. Со декриминализацијата на навредата и клеветата се овозможи постапките пред граѓанскиот суд да бидат пократкотрајни, но не и поекономични. И судството и медиумите се длабоко заглавени и инструментализирани од страна на политиката од тие кои се во позиција да управуваат и   владеат со државата.

## Институтот за човекови права

*Општа карактеристика на односот помеѓу судството и медиумите е дека нивната независност е од фундаментално значење за континуирано уживање и опстанок на демократските слободи. Судството игра централна улога во заштитата и одржувањето на независноста на медиумите, медиумите се тие кои ја проектираат и често пати ја зајакнуваат јавната доверба во транспарентната правда, судската независност и интегритет преку известувањето. Должноста и правото на известување вклучуваат право да се критикува секој нетранспарентен дел од судскиот механизам, начинот на работата на судовите, пресудите кои судиите ги носат и воочените неправилности.*

---

[44] http://www.irex.org/sites/default/files/u105/MSI_2011_EE_Full.pdf, стр. 100

*Во Македонија независноста на судството во медиумите е многу присутна како ’condition sine qua non’ за евроинтеграциите на земјата, односно како услов за нејзин понатамошен напредок. Токму независноста на судството е областа на која во континуитет стигнуваат критики од Брисел  и тоа е една од петте теми во пристапниот дијалог на која се потребни итни реформи.*[45]

## Транспарентност Македонија

Методите на овој општествен преврат, кој се изведува по мирен, но не и демократски пат, се со силна употреба на популизмот, како технологија на владеење

Македонија нема проблем со слободата на говорот – има проблем со слободата по говорот. Македонија нема проблем со слободата на медиумите – има проблем со слободата на медиумската индустрија. Македонија, всушност, има крупен проблем со функционирањето на демократијата. Ова е краткиот опис на состојбата со новинарството и медиумите во оваа земја во која власта глуми дека е демократска, а ние глумиме дека сме фино воспитани и по малку мрзоволни. Таа состојба е последица на стратегијата – значи: стратегијата – на владиниот социоинженерски проект кој во 2006 година почна да го спроведува г. Груевски. Тој проект има(ше) две основни цели: проширување на политичката база во земјата, со активистичко будење на најшироките, пауперизирани маси од долгата македонска економско-политичка транзиција; со будењето на толпата следува агресивно менување на општествената елита, со широко поставен општествен фронт, кој се протега од државната и парадржавната администрација, преку бизнис и образовната елита, до невладиниот сектор, спортските друштва, синдикатите, жените со лесен морал и чуварите на плажите крај Вардар во зимскиот период. Медиумите, се разбира, не беа само попатна станица во походот на партиската фаланга. Задушувањето на нивната слобода и нивното освојување е од суштествена важност за успехот на социоинженерската „преродба“. Тие мораше да се претворат во средство за мобилизација и индоктринација, а не за информација.

## Хелсиншкиот комитет за човекови права

ХК најголем фокус од своите активности ги  насочува кон заштитата на правата на ЛГБТ заедницата, маргинализираните групи, политичките затвореници и ги мониторира процесите со  медиумите и воопшто присуството на медиумите во судските процеси. Во дел од нивниот Извештај стои:

*Традицијата со набљудување на судските постапки на Хелсиншкиот комитет на РМ, како и програмата за бесплатна правна помош отвора можност за разгледување и постапување по голем број судски предмети. Споредено со изминатата деценија, значително е намален бројот на активни судски предмети, но сè уште опстојуваат системските проблеми кои судството не успева да ги надмине, ги надминува пребавно, или ги продлабочува.*[46]

Од работата на Комитетот како набљудувач на судски постапки се констатирани следните системски недоследности:

---

[45]Анализа на независноста на судството во Република Македонијаhttp://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2014/03/Analiza_na_nezavisno_sudstvo_vo_RM.pdf  стр.101
[46]Годишен извештај за состојбите во областа на човековите права во Република Македонија во 2013 година http://www.mhc.org.mk/system/uploads/redactor_assets/documents/681/Helsinskhi_Godisen_2013.pdf стр.6

*повреда на пресумпцијата на невиност; праксата на изрекување на колективни, идентични и стереотипни решенија за притвор; непретставување на составот на судскиот совет; непочитување на решенијата на претседателот на Врховниот суд за снимање на главните расправи; исклучување на јавноста при распит на загрозен/заштитен сведок и надминување на роковите за изготвување на пресуди; повреда на правото на судење во разумен рок; надминување на роковите за објава и изготвување на пресуди.*

Останати конкретни забелешки во Извештајот на ХК се и следните.

**ѓ) Оневозможување на снимање за време на судски расправи**

Согласно Законот за кривичната постапка, во судницата не можат да се вршат филмски и телевизиски снимања. По исклучок, со дозвола на претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, новинарите може да снимаат одделна главна расправа. Во текот на следењето на судските постапки во Основниот суд Скопје 1, набљудувачите на Хелсиншкиот комитет на неколку главни расправи забележаа дека советот ги отстранува новинарите по снимањето на кратки инсерти и тоа пред главната расправа воопшто да започне. Поради ваква пракса на судот, јавноста не може да добие целосна слика за условите под кои се води еден кривичен предмет, а се остава простор за грешка и при медиумското известување. Иако е неспорно дека судечкиот судија односно судскиот совет може да одлучи одделни делови на главната расправа да не се снимаат, од досега набљудуваните постапки се утврди дека снимателите се отстрануваат од судниците без за тоа да биде донесено решение. Со ваквото постапување не се почитува дозволата на претседателот на Врховниот суд.

**е) Исклучување на јавноста при распит на загрозен/заштитен сведок**

Следејќи ги судските постапки во кои како сведоци се јавуваат лица со прикриен идентитет, Хелсиншкиот комитет утврди дека јавноста по правило се исклучува. Во случајот познат меѓу јавноста како „Ровер“ во кои еден од обвинетите беше и поранешниот министер за внатрешни работи Љубе Бошковски. Имено, во овој судски процес од страна на проф. д-р Гордан Калајџиев, беше испратено известување дека истиот во улога на научен работник, како професор по кривична постапка на Правниот факултет „Јустинијан И”, ќе го набљудува претресот. Позитивно мислење за стручната јавност да не биде исклучена од распитот на заштитениот сведок даде и јавната обвинителка, како предлагач на сведокот, со што за прв пат се покажа волја од страна на јавното обвинителство за поголема транспарентност во постапката на сослушување на заштитен сведок. Сепак, судскиот совет одлучи да ја исклучи јавноста во целост, вклучително и стручната и медиумската јавност. Константните одлуки на советите за исклучување на јавноста во предмети каде се јавуваат заштитени сведоци не овозможува простор за утврдување дали се остварува принципот на фер и правично судење. Особено загрижува исклучувањето на стручната јавност, која единствено би го следела посебниот начин на сослушување на заштитениот сведок, а со цел да се утврди примената на законските одредби со кои е уреден начинот на заштита на сведоците во Република Македонија и неговото влијание врз принципот на фер и правично судење.

## Коалиција за сите за правично судење

Анализата на податоците за кривични предмети кои се однесуваат на делата клевета и навреда кога во својство на обвинет се јавува новинар, како и главниот иодговорен уредник, вклучително и други лица (хонорарец, водител, управител, правно лице), за 2011 година констатира дека :

Правичното судење има еминентно место во демократското општество во смисла на одредбите статуирани во текстот на Европската конвенција за човекови права.

Споменатиот меѓународен документ посебно ја предвидува гаранцијата обвинетиот да биде суден во постапка со разумно времетраење.

Правото на судење во разумен рок е содржано во чл. 6 ст. 1 од Конвенцијата, кој пак, се смета за најсеопфатен, најкомплексен и најфлексибилен,44 но, едновремено и за најексплоатирана одредба, чија што цел е да обезбеди правично и фер судење имајќи ги предвид општите одредби што се однесуваат на кривичната постапка согласно принципот за судење во рамките на разумен временски период.

Во овој контекст, важно е да се нагласи дека разумноста што е предмет на проценка во секој одделен случај, не може да се начелно и воопштено, туку секогаш мора да се земат предвид специфичните околности на случајот во светлината на фактите и посебните околности на конкретниот случај

Иако интервалот на разумно време не е, ниту, пак, може да биде фиксно определен, сепак, се смета дека станува збор за истек на време кое, во најмала рака, ги надминува роковите определени во националните законодавства на државите.

Европскиот суд преку својата судска прецедента практика, изградил определени раководни стандарди, лесно воочливи низ анализа на неговите одлуки. Посебно важни во оваа смисла, се прашањата што се однесуваат на определувањето на почетокот и крајот на релевантниот период на траење на кривичната постапка пред националните судови и критериумите што се сметаат за релевантни, т.е. фактите и согледувањата врз чија основа се извлекува и заклучокот за разумноста, т.е. неразумноста на релевантниот период.

# Препораки:

1. Домашните закони и политики да се прилагодат на меѓународните норми кои се однесуваат на правото на слобода на мислење и изразување и да се обезбеди неселективна примена,

2. Да престане притисокот и несразмерното ограничување на властите врз независни и критични медиуми; сите овие мерки против новинари и медиуми повторно да се разгледаат и да се понуди оштета на жртвите; како што е примерот на затворање на неколку медиуми и судскиот процес против новинарот Томислав Кежаровски,

3. Обезбедување независност на домашните судови, процесот на назначување на судови и членови на судски органи да се ревидира во согласност со релевантни меѓународни практики,

4. Обука на судии за соодветна примена на Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда во согласност со меѓународните стандарди; државни и политички функционери да се воздржат од поднесување на тужби врз истражувачките новинари и медиуми,

5. Владиното рекламирање во медиумите да биде целосно транспарентно со јасно дефиниран јавен интерес и врз основа на објективни критериуми,

6. Државата да обезбеди независност на Регулаторното тело за медиуми од политички сили или економски интереси,

7. Да се обезбеди правото на слободно здружување на новинарите а примерите за мешање на властите темелно да се истражуваат; да престане праксата на неказнување на насилството врз новинари,

8. Да се обезбеди институционална и финансиска независност на јавниот сервис,

9. Државните институции да одговорат навремено на барањата на граѓаните за информациите од јавен карактер.